Соработката на Цивика мобилитас и **Д-фестивал** продолжи и оваа година со мобилизација на учеството на повеќе нејзини грантисти кои организираа **проекции на документарни филмови, отворени дискусии, работилници, интерактивни игри, подготовка на храна, презентации и изложби** се само дел од активностите кои побудија голем интерес кај посетителите на фестивалот. Преку тридневна дружба во рамките на ПлоштАрт катчето **10 грантисти на Цивика мобилитас**, организираа **активности** преку кои информираа за нивните постигнувања, а дел од останатите го посетија фестивалот и учествуваа во активностите на нивните партнери.



Тимовите на институционалните грантисти, **Фондација за локален развој и демократија „Фокус“ - Велес** и **Центар за**

**интеркултурен дијалог - Куманово (ЦИД)**
беа најбројни и активни за целото времетраење на фестивалот. Покрај нив, со штанд се презентираа и институционалните грантисти
**Субверзивен фронт**
и
**Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
, кои организираа и
**дебата „Без стереотипи и предрасуди! Дискусија „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“**
.

**Фокус** се презентираше преку штанд и преку интерактивни тематски игри за подобро запознавање со нејзините цели и активности, како на пример играта **„Што му треба на мојот град?“**
, каде учесниците на мапата од Македонија
**секој за својот град ги запишуваше главните потреби или недостатоци**
. Александар Стојковски од Фокус изјави „Ни беше големо задоволство да учествуваме оваа година на Д Фестивал како еден од најуникатните летни фестивали кој нуди многу забава и убаво поминато време. Како млад фестивал и оваа година ни ги исполни очекувањата и се надеваме дека ова ќе остане како традиција многу години нанапред. Оваа година бевме дел од Цивика мобилитас како институционални грантисти и искуството кое го стекнавме преку
**вмрежување**
со други граѓански организации и
**промовирајќи**
ја својата на учесниците со
**размена**
на идеи, ставови, мислења е нешто што ќе остане врежано во нас.

**ЦИД** организираше повеќе активности за кои ни раскажа Нами Исаки „Нашите активности ги сочинуваа **Мулти-култи автобусот** кој беше дел од активностите што носеше позитивна енергија од различни градови преку креирање на сложувалката од секој град на патот до Дојран, а воедно им овозможи на младите бесплатен превоз до фестивалот; како и **“Bubbles Corner”** со која луѓето ги поттикнуваме да се насмеани и среќни и која побуди голем интерес кај учесниците кои правеа меурчиња, се чувствуваа среќни и се запознаваа меѓусебно;
**“Video message”**
– учесниците земаа по еден балон со порака и со тоа го покажуваа своето чувството преку изразот на лицето и
**“Tell me your feeling”**
учесниците ги споделуваа чувствата во моментот преку цртање. Исто така многу сме

задоволни од организацијата на Д-Фестивалот кое ни овозможи да се чувствуваме многу удобно и да сме дел на едно големо семејство“.

Институционалните грантисти, **Центарот за истражувачко новинарство СКУП** организираше проекција и дискусија **„Мојот студентски дом“**, а **Младинскиот културен центар – Битола** работилница **„Фото-глас“.** Дебатата на **МОФ** за граѓанскиот активизам низ призмата на панк културата и музиката - **Панкот (не) е мртов?** го отвори прашањето дали панкот како начин на размислување/активизам е мртов и му треба преродување или панкот е жив и треба да се реафирмира со новите текови. **Анима мунди** за целото времетраење на фестивалот го промовираше **здравиот начин на исхрана и заштита на животните**. **Цивил** со својот **„Караван на слободата“** допатува и во Дојран и учествуваше и во музичкиот дел од фестивалот.

